УПРК.бр.37/2025
УПРК.бр.38/2025
УПРК.бр.40/2025
УПРК.бр.41/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Даниела Антовска - претседател на советот, м-р Дитуриje Елези Незири и Елизабета Васкова - членови на советот, со записничар Биљана Димовска - помлад судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителите: Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Ерол Хасан адвокат од Скопје, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесена преку полномошник Александар Петковски адвокат од Скопје и Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Поленак од Скопје, против Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата Бр.09-15/93 од 21.11.2025 година, за прекршок од областа на конуренцијата, по одржаната јавна расправа на 02.07.2026 година, во присуство на полномошниците на тужителите и овластени претставници на туженият орган, на ден 10.07.2026 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, поднесена против Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата Бр.09-15/93 од 21.11.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањата на тужителите преку нивните полномошници, за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во диспозитивот на пресудата, под точка 1, се утврдува дека Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, како конкуренти кои делуваат на релевантниот пазар на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и слично) и Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште во Скопје, како координатор, во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година учествувале во забранет договор и /или усогласено однесување картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што преставува прекршок од 59 став 1 точка 1 од Законот, на начин што на 05.02.2025 година одржале состанок на кој договориле да не прифаќаат нови или зголемени ценовници од добавувачи („колективен бојкот") минимум до крајот на првиот квартал од 2025 година, со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка. Под точка 2 од диспозивитот, за стореният прекршок од точка 1 од ова решение на сторителот: Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува 0,0485% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка; на Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува 0,0166% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, остварен во 2024 година, како последна деловна година за која

претпријатието има составена годишна сметка; на Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува 0,2206% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка; на Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува 0,0452% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка и на Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште во Скопје му се изрекува глоба во износ од 1.143.000 денари, што претставува 9,99% од вредноста на вкупниот годишен приход на Сојузот на стопански комори на Македонија стварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка. Под точка 3 од диспозитивот е одлучено глобата од точка 2 од ова решение, сторителите се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, а неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат. По точка 4, тужбата го одлага извршувањето на решението.

Незадоволни од решението на туженият орган, посебни тужби за управен спор поднесоа тужителите Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, суштествена повреда на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, погрешна примена на материјалното право, оспореното решение е нејасно, неразбирливо и неможе да се испита и поради висината на глобата. Во тужбите сите тужители наведуваат дека туженият орган при изготувањето на својата одлука, не ја ценел и не ја утврдил состојбата на пазарот во текот на 2024/2025 година, не ги земал предвид инфлаторните движења на пазарот, особено на движењето на цените во трговијата на големо и мало со прехрамбени производи и поради постојаното зголемување на цените Владата на РСМ донела препорака / одлука за формирање на новогодишна кошничка на производи со ограничени цени во важност од 15.12.2024 година до 15.01.2025 година. Туженият орган бил должен да го утврди фактот дека поголемиот дел од увозници и производители на производи опфатени со ограничувањето на цените, заради непостоење на санкции со мерките на Владата, истите продолжиле со зголемување на

цените. Теоријата на картелско здружување на тужителите, а заради наводен договор да не прифаќаат нови или зголемени ценовници на добавувачите (колективен бојкот) минимум до крајот на првиот квартал од 2025 година, со што намерно ја замениле состојбата на напречена конкуренција на релевентниот пазар со состојба на практична соработка, е неодржливо од причина што одлуките на Владата биле во правец на спречување на зголемување на малопродажните цени при што да се има предвид дека малопродажните цени како крајни цени директно зависат од влезните цени на трговците на големо. На 31.01.2025 година бил одржан бојкот на маркетите како граѓанска иницијатива при што значително бил намален прометот на ниво на државата, а на 07.02.2025 година бил одржан повторен бојкот на маркетите што довело до значително намалување на прометот во малопродажните објекти. Со оглед на ваквата состојба, една од иницијативите за состанок потекнала од Сојузот на стопански комори на Македонија за одржување на состанок со претставници на маркети на тема зголемување на цените за што е закажан состанок на 05.02.2025 година, а туженият орган веднаш по објавувањето на соопштението на Сојузот на 06.02.2025 година, по сопствена иницијатива отпочнал постапка. Во соопштението на Сојузот биле изнесени наводи и заклучоци кои не биле ниту одобрени ниту претходно соопштени од страна на тужителите, на кој состанок било договорено меѓу сите малопродажни ланци и локалните клучни партнери, да не се примаат нови ценовници, минимум до крајот на првиот квартал на годината. Органот не утврдил дали тужителите вистински ги одбиле новите ценовници и на кој деловен партнер, а тужителот ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје од 15.12.2024 година, до денес нема одбиено ниту еден ценовник на свои коминтенти ниту писмено, ниту усмено и истите биле одобрувани во услови на замрзнати цени за што трпел штета, детално образложено во произнесувањата доставени до туженият орган. Според тужителот ТИНЕКС Комисијата утврдила дека не се оградил од соопшението на Сојузот, но истиот не дал ниту согласност за објавување. Овој тужител тврди дека е лишен од правото на усна расправа и правото да биде целосно сослушан. Тужителот РЕПТИЛ укажува дека дури и пред средбата, истиот самоиницијативно одбил да ги прифати новите ценовници со зголемени цени, за што постојат писмени докази. Според овој тужителот координирано однесување значи постапување од моментот, а ако некој на ист начин постапувал претходно пред наводниот состанок, не може да се смета дека неговото понатамошно однесување е дејствие кое произлегло од некоја средба, бидејќи истиот тоа дејствие кое правел претходно. Исто така и тужителот КАМ во својата тужба укажува дека со известување до неговите добавувачи од 03.02.2025 година, ги известил истите дека нема да прифати зголемување на набавните цени, што претставува негова едностранa одлука, што било истакнато во

произнесувањата на тужителот кон прелиминарното и конечното известување, а кои туженият орган не ги земал предвид. Следењето на конкурентите на пазарот и споделување на информации за тековни предизвици и проблемите во рамки на средби на здруженија, неможе да се смета за забрането однесување. Ако Сојузот на стопанските комори ги навел другите малопродажни ланци да мислат дека има наводен договор меѓу сите маркети на пазарот, нејасно е како тогаш е утврдено картелско здружување и нарушување на конкуренцијата. Понатаму, се наведува дека од одржаниот состанок нема никава формална или неформална одлука, Записник за објавување на соопштението со содржина која е предмет на интерес на Комисијата, без однапред утврден дневен ред, а целта била да се дискутира за моменталната состојба на пазарот. Доколку Сојузот со соопштението од 06.02.2025 година, влијаел за да се стекне перцепција и кај другите претпријатија кои вршат продажба на стоки на мало во неспецијализирани продавници, дека има наводен договорот меѓу сите учесници на овој пазар и со тоа да се влијае на однесувањето на субјектите кои не биле присутни на овој наводен состанок, дали тоа значи дека и останатите учесници на пазарот учествувале индиректно во наводното картелско услогласено однесување. Треба да се има предвид дека конкуренција на тужителите не се добавувачите, туку останатите маркети кои вршат продажба на стоки на мало во неспецијализирани продавници. Сметаат дека не постои ниту почеток на некоја забранета активност за сторен евентуален прекршок, ниту траење на забрането дејствие, ниту пак предизвикана штета или стекната корист за да може да се утврди дека постојат обележја на прекршок за кој е поведена оваа постапка. Заклучокот на туженият орган во оспореното решение кој се однесува на ставот дека тужителите како конкуренти и Сојузот на стопански комори како координатор од 05.02 до 19.02.2025 година, усогласено се однесувале со координирање на нивното однесување, учествувале во картел на начин што без склучување на договор намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата со цел нарушување на конкуренцијата што е забрането согласно член 7 став 1, а во врска со член 59 став 1 точка 1 од Закон за заштита на конкуренцијата, е нејасен и контрадикторен од причина што не е образложено на кој начин е спречена конкуренцијата во услови кога Владата на РСМ во тој период ги замрзнала цените со важност до 01.02.2025 година, и не е утврдено ниту образложено на кој начин се одвивала соработката и дека туженият орган го определува наводното траење на забрането дејствие од 05.02. до 19.02.2025 година односно вкупно 14 календарски денови, па е нејасно за каква комлексна повреда на Законот станува збор за овој краток временски период, ако се има предвид дека всушност станува збор за антикризни мерки кои потоа ги прифатила Владата со одлука од

18.02.2025 година, која ги замрзнала маржите и на маркетите и на добавувачите, со што се поставува прашањето дали тужителите заедно со Владата се во картелско здружување. Во истиот период важеле и замрзнати цени определени со одлука на Влада од 01.02 до 30.04.2025 година, а целта била да се заштитат крајните потрошивачи. Туженият орган бил запознаен со Одлуката на Владата со која се пропишувале мерки кои се совпаѓаат со однесувањето на тужителите во предметниот период. Воедно, Одлуката на Владата од 18.02.2025 година е само крајна формализација на одговорот на Владата на веќе посточката состојба на пазарот, имајќи предвид дека истата одржала седница на 11.02.2025 година и на записник констатирала дека е разгледан извештајот и анализата за утврдување на брутопрофитна маржа во трговијата на мало и големо со предлог мерки за намалување на цените на основните прехрамбени производи со заклучок дека се задолжува надлежното министерство да изготви предлог одлука. Тужителите немале никаква намера ниту цел да обезбедат зголемување на цените или на својот пазарен удел или да спречат влез на нови учесници на пазарот или да ја спречат или ограничат дистрибуцијата на какви било производи. Тужителите тврдат дека континуирано постапувале независно од другите трговци и секој од нив настапувал независно преку индивидуални преговори со добавувачите, акциски планови за комуникација со потрошувачите, поединечни комерцијални стратегии и слично. Комисијата никаде не го споменува релевантниот пазар на производи и услуги и релевантниот географски пазар, што е суштествен чекор во анализата на таканаречуното усогласно однесување, во насока на членот 5 став 1 точки 7 и 8, како и насоките за дефинирање на релевантниот пазар за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, објавени од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Ваква е и праксата на Европската комисија според чии одлуки потребна е точна и прецизна дефиниција согласно која понатаму ќе се оценуваат потенцијалните повреди на конкурентското право. Понатаму, се наведува дека туженият орган при носење на оспореното решение користи погрешна пракса во толкувањето на „hardcore restriction“, кое е неприменливо во случајов бидејќи за да се утврди ситуација на колективен бојкот мора да се исполнет неколку клучни елементи, и тоа договорот мора да има цел да спречи, ограничи или да ја наруши конкуренцијата. За колективен бојкот оваа цел е обично исклучување на конкурент, таргетирање на конкурентски купувач или продавач за да се избркаат од пазарот или да се спречи нивниот влез. За ситуација ограничување по ефект, туженият орган мора да докаже дека договорот има или веројатно ќе има значителни негативни ефекти врз конкуренцијата на релевантниот пазар. Туженият орган не дал одговор ниту се обидел да го утврди ефектот на пазарот од ваквиот наводен договор дали истиот произвел негативни

ефекти врз пазарот. Повикување на одлуки на Европскиот суд не може да има конкретна примена, без да се знаат конкретните одредби на кои се однесуваат, дали станува збор за исти или различни позитивни прописи и како е уредено домицилното законодавство. Од се погоре наведено, тужителите сметаат дека не е сторен прекршокот за кој се товарат и предлагаат тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи и да се задолжи туженият орган со трошоци на постапката.

На барање на судот, туженият орган ги достави списите на предметот и даде одговор на сите тужбени наводи на тужителите поединечно, остана при своето решение и предложи тужбата на тужителите да се одбие како неоснована.

На одржаната јавна расправа на 02.07.2026 година, полномошникот на тужителот ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, остана во целост кон навоидте истакнати во тужбата и доказите кон истата, со дополнување дека на крајот на 2024 година, во државата се појавиле инфлаторни движења на кои реагирала јавноста и следствено на тоа и Владата на РСМ, при што, биле предлагани разни мерки за намалување на инфлацијата, одржувани разни состаноци, како од Владата, така и во рамки на различни Стопански комори, дури и на неформално оргазнизирани состаноци од разни субјекти. Критичниот состанок одржан во рамки на ССКМ на кои присуствувале тужителите, по ништо не се разликувал од претходно одржаните состаноци, а спорното соопштение кореспондира со повиците и соопштенијата на Владата на РСМ. Особено е значајно да се напомене дека во критичниот период кога е одржан состанокот, на сила биле мерките за замрзнување на цените што само по себе значело невозможност за зголемување на цени односно прифаќање на ценовници со кои се зголемуваат цените. Ова, видно од доказот во прилог на тужбата Одлуката на Владата на РСМ, така да наводот на туженият дека тужителите организирале и спровеле бојкот на добавувачите со неприфаќање на ценовници, во целост е неиздржан и е спротивен на логиката дека во услови на замрзнати цени да не се прифаќаат ценовници со зголемени цени на добавувачите и таа пракса на Владата и на Сопанските комори за одржување на состаноци во кои се бара да се спорведуваат разни мерки за намалување на инфлацијата, продолжила до денес. Пред кратко време, во рамки на Владата бил одржан ист таков состанок меѓу разни трговци на мало и големо, на кој овој пат присуствувал и претставник на Комисијата за заштита на конкуренцијата, при што биле предложени слични мерки за намалување на инфлацијата, дури истоветни со мерките од минатата година, а кои тужителите во целост ги почитувале, а со спорното соопштение ССКМ повикал истите да бидат почитувани. Поради наведеното, смета дека спорното решение во

целост е неосновано бидејќи покрај наводите истакнати во тужбата, туженият не го земал предвид и поширокиот општествен интерес и намерата на сите засегнати вклучително и тужителите во оваа постапка да се постигне ефект на намалување на инфлацијата. Предложи тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништено и да се задолжи туженият со трошоци на постапката согласно АТ.

Полномошникот на тужителот ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, на јавната расправа истакна дека останува во целост кон тужбата, со предлог судот да го поништи решението. Во однос на наводите на туженият истакнати во одговор на тужба, наведе дека туженият орган постапил спортивно на праксата на овој суд утврдена во Пресуда УПР.бр.4042/12 и 4074/12 каде тужен орган е Комисијата за заштита на конкуренцијата и каде што е предвидено дека правото на дискреционо одлучување за определување на усна расправа кога странката тоа го бара, не значи дека истото може да биде направено арбитрерно од страна на туженият орган, туку тоа треба да биде во согласност со законската регулатива и прибавените докази за водење на прекршочната постапка. Оттука, неосновани се наводите дека во овој конкретен случај туженият орган немал обврска да закаже усна расправа бидејќи тоа било потребно за разјаснување и целосно утврдување за фактичката состојба. Дополнително, туженият орган постапил и спротивно на Пресудата на Управен суд УПРК бр.4/17 каде тужен е Комисијата за заштита на конкуренцијата и пропуштил да спроведе постапка на порамнување, која е предвидена и во членовите 44 до 49 од Законот за прекршоците, а ова особено кога се зема во вид фактот дека туженият во самиот одговор на тужба признава дека тужителот ТИНЕКС во конкретниот случај за целиот тек на постапка соработувал активно, што е основ за намалување на глобата и до 20%. Конечно, во однос на глобата која е опеделена во апсолутен износ за сите тужители, истакна дека тоа е погрешен правен преседан кој за прв пат е присутен во решение на туженият орган. Имено, дотогашната пракса на туженият орган која донекаде може и да се оправда, била да се изедначуваат процентуалните износи како например во одлуките ПП бр.09-2/2 од 2018 година и П.П. бр.09-15/12 од 2019 година, за Прилепска и Скопска пиварница но никогаш не се случило и сметаме дека е целосно спротивно на правото на конкуренција, учесници во една постапка да бидат казнети со ист апсолутен износ што укажува на интенцијата во секој случај да се изрече казна на тужителите. На крајот потенцира дека доколку туженият орган сметал дека тогаш тужителите направиле повреда на правото на конкуренција, исти вакви состаноци се иницираат во месец јуни од страна на Владата на РСМ и премиерот излегува со соопштенија каде што јасно е истакнато дека се договараат цени на производи. Напомена дека ниту тогаш, ниту сега постои повреда

на Законот за заштита на конкуренцијата, од причина што дури и да би можело да стане збор за таканаречено договарање, истото има за цел заштита на потрошувачите, а тоа е и основната цел на Законот за заштита на конкуренцијата. Предложи тужбата да уважи, а оспореното Решение да се поништено и да се задолжи туженият со трошоци на постапката согласно АТ.

Полномошникот на тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, истакна дека останува во целост при тужба и тужбено барање, наводите истакнати во тужбата, доказите прилог на истата, со предлог тужбата на тужителот РЕПТИЛ да биде уважена во целост, оспореното Решение на туженият орган да биде поништено. По однос на наводите на туженият дадени во одговор на тужба, смета дека истите се во целост неосновани, паушални и со делумно цитирање на одлуки на Европскиот суд не може да се заснова да одлуката на овој суд. Тужителот РЕПТИЛ имал сопствено убедување за начинот на постапување на пазарот и тоа сопствено убедување било и ден денес е заштита на крајните потрошувачи, а тоа се граѓаните на РСМ од зголемувањето на цените на добавувачите. Добавувачите биле спречени во својата намера да влијаат директно врз цената која што требало да ја плати крајниот потрошувач, како и бил спречен да се предизвика дополнителна инфлација и ценовен шок на производите кои што биле неопходни. Сето ова тужителот РЕПТИЛ го сторил со своеволно постапување и неприфаќање на ценовници и пред неформалната средба во ССК. Поточно истиот, добавувачите ги известил дека цените односно новите цени на зголемените производи нема да ги прифати. Друштвото РЕПТИЛ не направило никакво здружување ниту пак имало за цел да направи здружување со останатите тужители како што тоа туженият орган се обидува да го наметне бидејќи неговото дејствување било и продолжило како пред овој неформален состанок. По однос на материјалниот доказ е-маил комуникација на која се повикува туженият орган, истакна дека во истата сега тужителот РЕПТИЛ не се споменува, ниту е ставен известен за меѓусебната е-маил комуникација на која се повикува туженият орган, па оттука, неговото однесување не може да се подведе под она што туженият орган го истакнува како усогласено однесување односно картел. Она што било констатирано од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, всушност Владата го озаконила по само 14 дена од овој неформален состанок со донесување на одлука од 19.02.2025 година која е со важност од 01.02.2025 година ретроактивно. Истата одлука Владата ја донесува и во текот на 2026 година, поточно Владата не одржува само еден состанок во јуни 2026 година со сите маркети на ниво на РСМ, туку има уште еден состанок во месец март 2026 година, со истата тематика при што на последниот состанок во месец јуни 2026 година ги задолжува маркетите, а

вклучително и сега тужителите да ја известат Владата за сите добавувачи кои што ќе извршат зголемување на цените на производите. Оттука, она што сега тужителот РЕПТИЛ го сторил, нема никаков негативен ефект врз економијата, туку само позитивни ефекти кои што најповеќе ги ползуваат крајните потрошувачи, а тоа се граѓаните. Се поставува прашањето дали сега со самото присуство на овие состаноци при Владата на РСМ, сега тужителите повторно формираат картелско здружување или не, сето тоа во присуство на сега туженият орган. Смета дека во дејствијата на тужителот РЕПТИЛ, како и на останатите тужители не може да се подведе и да се третира дека истите учествувале во забранет договор односно усогласено однесување - картел, а дотолку повеќе што има одлука од страна на Владата за озаконување на ваквото постапување. По однос на изречената глоба за која што туженият орган јасно ги наведува критериумите врз основа на кои што ја има изречено, но за сите тужители изрекува една иста парична казна - глоба, за исти околности, за исто времетраење на прекршокот, но не се земаат останатите постапувања односно финансиската ефикасност, профитот кој што секој од тужителите го има остварено посебно. Оттука, смета дека има повеќе од доволно релевантни материјални докази оспореното Решение да се поништи, тужбата на тужителот да се уважи и да се задолжи туженият со трошоци на постапката и тоа: за состав на тужба износ од 9.100,00 денари, такса за тужба 480,00 денари, за одлука по одмерување и за едно застапување 10.920,00 денари.

Полномошникот на тужителот КАМ ДОО Илинден, на рочиштето за јавна расправа истакна дека останува на наводите од тужбата, доказите кон тужбата и на тужбеното барање, со предлог да се поништи утуженото решенеие. Во однос на одговорот на тужба од туженият орган, истакна дека наводите изнесени таму, се целосно неосновани, туженият орган погрешно нашол дека самото присуство на неовластен претставник на КАМ на предметниот неформален состанок без да е претходно запознаен за неговиот дневен ред, некако преминало во свесно и координирано однесување меѓу конкуренти, особено ако се знае дека КАМ ја донел својата одлука и пред одржување на состанокот. По состанокот немало никакво координирање од страна на КАМ со другите конкуренти. Одлуката на КАМ да неприфаќа зголемени цени е негова легитимно преговарачка позиција, а во никој случај не е колективен бојкот. Тука може евентуално да се работи за паралелно однесување кое е сосема дозволено. Утуженото решение е неосновано и неправилно затоа што туженият орган свесно го игнорира макроекономскиот контекст на сите овие случувања, особено инфлацијата и потрошувачките бојкоти кои беа вистински колективни бојкоти, а најголемиот апсурд е тоа што КАМ е казнет за однесување кое било поттикнато, а потоа и одобрено од страна на

Владата. Со одлуката на Владата за ограничување на маржите, државата дефакто го потврдила истото пазарно однесување за кое Комисијата за заштита на конкуренцијата утврдила прекршок. Независно од сето ова, изречената глоба од над 3 милиони денари, е апсолутно неоснована, туженият орган очигледно погрешно го применил како Законот за заштита на конкуренцијата, така и сопствените насоки за одмеруавње на глобата, бидејќи воопшто не го зел предвид притисокот и поддршката од Владата како олеснителна околност за одмерување на казната. Со одлуката на Владата наводниот прекршок станал беспредметен и претставува правен апсурд државата да ве тера на едно однесување, а потоа да ве казни за истото. Поради сите овие причини, му предложи на судот да го усвои тужбеното барање и во целост да го поништи утуженото решение, како и да се задолжи туженият со трошоци на постапката по писмен трошковник во износ од 24.104,00 денари, зголемени за износ од 1.280,00 денари за судска такса за тужба и одлука.

Претставникот на туженият орган изјави дека останува во целост на наводите изнесени во одговорите на тужбите, истакнувајќи дека оваа постапка не се однесува на тоа дали во релевантниот период цените биле високи или ниски, дали добавувачите доставувале ценовници со повисоки цени, ниту пак на оценување на владините мерки за ограничување на цените или причините за инфлаторните движења или пак дали маркетите трпеле економска штета од граѓанскиот бојкот во тој период. Предмет на оваа постапка е единствено прашањето дали четири директни конкуренти кои дејствуваат на ист релевантен пазар, преку состанок одржан и организиран од ССКМ го замениле своето деловно одлучување со усогласено однесување во однос на прифаќањето односно неприфаќањето на ценовници на добавувачите, притоа истото манифеситирајќи го преку објавување на заедничко соопштение веднаш после одржаниот состанок. Врз основа на целокупниот доказен материјал прибавен во текот на постапката и електронската комуникација, комисијата утврдила дека такво усогласено однесување постоело, а суштината на повредата не е во тоа што секој од учесниците поединечно одлучил да прифаќа или да не прифаќа ценовници од добавувачите, туку во тоа што таквата деловна политика повеќе не била резултат на независна пазарна одлука, туку на координација помеѓу директни конкуренти. Притоа, значајно е да се спомене тоа што и на расправата се потврди дека ниту еден од тужителите не го оспорува фактот дека на 05.02.2025 година, бил одржан состанок, ниту дека непосредно потоа било објавено заедничко соопштение преку ССКМ, како и тоа дека предмет на состанокот биле односите со добавувачите и нивните ценовници. Она што се оспорува е само правната квалификација на фактите. Во сите тужби безмалку идентично се повторува дека немално формален договор,

немало записник, немало гласање, немало експлицитна согласност на објавеното соопштение или дека не бил одбиен ниту еден ценовник. Забранетото усогласено однесување скоро никогаш не се мафинестира преку формален договор, туку преку координација помеѓу конкурентите, затоа и Законот за заштита на конкуренцијата, а особено и Европскиот суд, не бара постоење на формален договор за да се утврди повреда на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата. Во однос на наводот дека не била одржана усна расправа, потенцира дека праксата на ЕСЧП особено во предметите Јусилан против Финска и Дори против Шведска, судот утврдил дека правото на усна расправа не е апсолутно право и не може да стане збор за повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права, кога спорот може правилно да се реши врз основа на писмени докази, а не постојат спорни факти кои што бараат непосредно изведување на докази. Покрај тоа, судот да има во предвид дека постапката е поведена по службена должност, при што, Комисијата има својство и настапува како надлежен орган кој ја води прекршочната постапка, а не како спротивна странка. Оттука, не може да стане збор ниту за повреда на начелото на еднаквост на оружјето бидејќи во постапката не постоела спротивна странка со која тужителите би ги соочувале своите аргументи. Одлуката на комисијата се темели на објективни писмени докази и прибавена електронска комуникација, поради што не постоела потреба за одржување на усна расправа. И во однос на наводите дека Комисијата била должна да спроведе постапка за порамнување согласно член 44 од Законот за прекршоците, постапка за порамнување се спроведува ако е тоа предвидено со посебен закон, како што на пример е уредено во Законот за даночна инспекција, Закон за царинска управа, Закон за јавна чистота и друго. Во член 65 од Законот за заштита на конкуренцијата е уреден посебен механизам за ослободување или намалување на глобата за учесници во картел кои ги исполнуваат законските услови и поднесе соодветно барање до комисијата, а такво барање не е поднесено од ниту еден од тужителите. Не помалку значајно е дека согласно Законот за прекршоците при постапка на порамнување највисоко изречената глоба може да биде најмногу половина од максимално утврдената глоба во соодветниот закон. Во конкретниот случај, на тужителите им се изречени значително помали глоби, што значи дури и хипотетички не можело да се спроведе порамнување. На крај, за останатите тужбени наводи кои се однесуваат на релевантниот пазар на примената на членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата и ставот 3 од истиот член 7 во однос на изземањата, висината на утврдената глоба, детално се образложени во одговорите на тужбата. Од тие причини му предложи на Судот да ги одбие тужбите како неосновани и да го потврди решението на Комисијата како правилно и законито.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа изврши увид во доказите кон списите на предметот и доказите приложени кон тужбата, и тоа: решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конуренциата Бр.09-15/93 од 21.11.2025 година, Записник бр.09-15/2 од 07.02.2025 година, Потврда бр.09-15/3 од 07.02.2025 година, Заклучок бр.09-15/4 од 10.02.2025 година, записник бр.09-15/5 од 10.02.2025 година, потврда бр.09-15/6 од 10.02.2025 година, заклучок бр. 09-15/7 од 11.02.2025 година, Записник бр.09-15/8 од 11.02.2025 година, потврда бр.09-15/9 од 11.02.2025 година, заклучок бр. 09-15/10 од 11.02.2025 година, Записник бр.09-15/11 од 13.02.2025 година, потврда бр.09-15/12 од 13.02.2025 година, заклучок бр. 09-15/13 од 20.02.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/14 од 20.02.2025 година, Заклучок бр. 09-15/15 од 20.02.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/16 од 20.02.2025 година, Заклучок бр. 09-15/17 од 20.02.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/18 од 20.02.2025 година, допис бр. 09-15/19 од 25.02.2025 година, допис бр. 09-15/20 од 25.02.2025 година, допис бр. 09-15/21 од 26.02.205 година, допис бр. 09-15/22 од 27.02.2025 година, допис бр. 09-15/23 од 28.02.2025 година, допис бр. 09-15/24 од 28.02.2025 година, допис бр. 09-15/25 од 28.02.2025 година, допис бр. 09-15/26 од 28.02.2025 година, допис бр. 09-15/27 од 28.02.2025 година, допис бр. 09-15/28 од 04.03.2025 година, допис бр. 09-15/29 од 05.03.2025 година, заклучок бр. 09-15/30 од 12.03.2025 година, со пропратно писмо бр. 09-15/31 од 12.03.2025 година, допис бр. 09-15/32, заклучок бр. 09-15/33 од 28.03.2025 година, достава информации бр.03-94/4 од 17.03.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/34 од 28.03.2025 година, заклучок бр. 09-15/35 од 28.03.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/36 од 28.03.2025 година, допис бр. 09-15/37 од 08.04.2025 година, допис бр. 09-15/38 од 10.04.2025 година, прелиминарно известување на КОП за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-15/39 од 17.04.2025 година, допис бр. 09-15/45 од 07.05.2025 година, допис бр.09-15/46 од 07.05.2025 година, допис бр. 09-15/47 од 08.05.2025 година, допис бр. 09-15/48 од 08.05.2025 година, допис бр. 09-15/49 од 08.05.2025 година, допис бр. 09-15/50 од 13.05.2025 година, Заклучок ПП бр. 09-15/51 од 13.05.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/52 од 13.05.2025 година, Заклучок бр. 09-15/53 од 13.05.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/54 од 13.05.2025 година, Заклучок ПП бр. 09-15/55 од 13.05.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/56 од 13.05.2025 година, Заклучок ПП бр. 09-15/57 од 13.05.2025 година, пропратно писмо бр. 09-15/58 од 13.05.2025 година, допис бр. 09-15/59 од 19.05.2025 година, допис бр. 09-15/60 од 20.05.2025 година, допис бр. 09-15/61 од 21.05.2025 година, допис бр. 09-15/62 од 22.05.2025 година, допис бр. 09-15/63 од 26.05.2025 година, Конечно известување бр. 09-15/64 од 13.06.2025 година, допис бр. 09-15/70 од 24.06.2025 година, допис бр. 09-15/71 од 24.06.2025 година, допис бр. 09-15/72 од 24.06.2025

година, допис бр. 09-15/74 од 25.06.2025 година, допис бр. 09-15/75 од 26.06.2025 година, заклучок ПП бр.09-15/76 од 27.08.2025 година, допис наш ПП р.09-15/78 од 10.09.2025 година, заклучок ПП бр.09-15/79 од 19.09.2025 година, допис ПП бр.09-15/81 од 19.09.2025 година, допис ПП бр.09-15/82 од 19.09.2025 година, допис ПП бр.09-15/83 од 19.09.2025 година, допис ПП бр.09-15/84 од 19.09.2025 година, допис ПП бр.09-15/85 од 19.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/85 од 22.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/86 од 25.09.2025 година, допис бр. 09-15/87 од 25.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/88 од 25.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/89 од 26.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/90 од 26.09.2025 година, допис ПП бр. 09-15/91, допис ПП бр. 09-15/92 од 16.10.2025 година, тековни состојби од ЦР на РСМ за сите тужители, изводи од социјални мрежи, извадоци од весници за сооопштенија на Владата, Одлуки на Владата и други докази кон тужбите, по што, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи и списите на предметот, најде:

Тужбата на тужителите е неоснована.

Имено, од увидот во приложените списи кон предметот произлегува дека Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (КОП), од јавно објавените информации-медиумите, дошла до сознание дека Сојузот на стопански комори на Македонија дал соопштение до медиумите (објавено на 06.02.2025 година) во кое меѓу другото се наведува дека „на состанокот со претставниците на малопродажните синџири и локалните клучни партнери исто така беше договорено меѓу сите малопродажни синџири и локални клучни партнери да не се примаат нови ценовници минимум до крајот на првиот квартал оваа година". Договарањето помеѓу малопродажните синџири (супермаркети како претпријатија кои вршат набавка на стоки а потоа преку малопродажни објекти супермаркети ги продаваат на крајни купувачи) за непримање на нови ценовници (непримање на производи од добавувачите доколку ги променат цените) одреден период може да претставува договор и/или усогласено однесување помеѓу претпријатија забрането со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Заради горенаведеното, КОП со заклучок ПП бр. 09-15/1 од 07.02.2025 година, врз основа на член 41 (прибавување на докази на лице место) од Законот му наложила на Сојуз на стопански комори на Македонија (во натамошниот текст: ССКМ) на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот.

Со Заклучок ПП бр. 09-15/13 од 20.02.2025 година, КОП повел прекршочна постапка против Сојуз на стопански комори на Македонија и сега тужителите: Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Трговско друштво за произ водство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје.

КОП, во текот на постапката и видно од образложението на оспореното решение, како и од списите доставени од туженият орган, со повеќе дописи се обратил до сега тужителите заради прибирање на информации и писмени докази неопходни за утврдување на релевантните факти, дејствијата и постоењето на прекршокот. Прибирањето на доказите се вршело хронолошки, при што за сите прибавени докази од секој тужител поединечно бил донесен заклучок, издадена потврда и составен записник, согласно законските одредби цитирани во решението. КОП службено се обраќал и до други субјекти, со цел целосно и правилно утврдување на фактичката состојба.

На ден 17.04.2025 година, КОП донел прелиминарно известување за утврдената фактичка состојба ПП бр.09-15/40 од 17.04.2025 година, а на 13.06.2025 година, донел Конечно известување за утврдената фактичка состојба ПП бр.09-15/62, доставено до сите тужители и ССКМ, по кои истите писмено се произнеле.

Од сите релевантни докази, коресподенции и изјави прибавени во текот на постапката, КОП утврдил дека постоела јасна координација помеѓу конкуренти, иницирана и подржана од ССКМ. Имено, КАМ ДОО, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ се претпријатија, меѓусебни конкуренти, кои делуваат на пазарот на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (односно истите вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и слично). Врз основа на изјавите дадени на записници, од одземената документација од ССКМ, КАМ ДОО и ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, како и од дополнително прибавените податоци доставени во одговор на заклучоците, КОП утврдил дека на ден 05.02.2025 година бил закажан и одржан состанок во просториите на ССКМ на кој присуствувале претставници од ССКМ (Трајан Ангелоски претседател на ССКМ, Сашо Дукоски претседател на Трговска комора и подпретседател на ССКМ и Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ), КАМ ДОО (Ристо Шехтански главен менаџер за набавки), ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ (Владимир

Тодоровиќ-управител), РЕПТИЛ ДООЕЛ (Даница Блажеска управител) и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ (Петар Денковски генерален директор). По одржаниот состанок следела меѓусебна координација по електронски пат помеѓу учесниците на состанокот и тоа ССКМ, ВЕРОПОЛУС ДООЕЛ, КАМ ДОО и ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ. На ден 05.02.2025 година во 14:19 часот од електронската адреса risto.shehtanski@kam.mk е пратена порака на koordinator@sojuzkomori.org.mk во која истиот бара да му се достави Извештајот на ССКМ и предлог соопштение за јавност со цел да може да даде согласност на соопштението. На ден 05.02.2025 година во 15:10 часот од електронската адреса koordinator@sojuzkomori.org.mk е доставено соопштение (предлог соопштение за медиуми) и извештај на ССКМ до todorovic@tinex.com.mk, risto.shehtanski@kam.mk и petar.denokovski@vero.com.mk. Како одговор на претходната порака, на ден 05.02.2025 година во 17:36 часот од електронската пошта на petar.denkovski@vero.com.mk е испратена електронска порака до koordinator@sojuzkomori.org.mk, todorovic@tinex.com.mk и risto.shehtanski@kam.mk во која Денковски дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од ССКМ. Како одговор на претходната порака на ден 05.02.2025 година во 21:29 часот од електронската пошта на todorovic@tinex.com.mk е испратена електронска порака до petar.denkovski@vero.com.mk, koordinator@sojuzkomori.org.mk, risto.shehtanski@kam.mk во која Тодоровиќ дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од ССКМ. Како одговор на претходната порака на ден 06.02.2025 година во 13:15 часот од електронската пошта на risto.shehtanski@kam.mk била испратена електронска порака до todorovic@tinex.com.mk, petar.denkovski@vero.com.mk и koordinator@sojuzkomori.org.mk во која Шехтански дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од ССКМ, од која е видно дека истиот јасно наведува дека на состанокот било дискутирано за неприфаќање на зголемување на цени од добавувачи. Од ССКМ било испратено соопштение за јавност кое било објавено од медиумите на 06.02.2025 година. Во соопштението меѓу другото стои „Сојузот на стопански комори на Македонија направил анализа на пазарот на супермаркети наспроти добавувачи, која што ги детектира точките каде растат цените и каде треба да се интервенира...На состанокот исто така беше договорено меѓу сите малопродажни ланци и локални клучни партнери да не се примаат нови ценовници, минимум до крајот на првиот квартал оваа година." ССКМ го организирал и координирал состанокот чија цел било склучување на забранет договор и/или усогласено однесување помеѓу конкуренти. Дополнително во соопштението за јавност дадено од ССКМ се наведува дека: „На состанокот исто така беше договорено меѓу сите малопродажни ланци и локални клучни партнери да

не се примаат нови ценовници, минимум до крајот на првиот квартал оваа година" со што ССКМ влијаел да се стекне перцепција и кај другите претпријатија кои вршат продажба на стоки на мало во неспецијализирани продавници, како и кај добавувачите дека ваквиот договор е постигнат помеѓу сите учесници на овој пазар и со тоа да влијае на однесувањето и на субјектите кои не биле присутни на состанокот. Заради наведеното ССКМ претставува учесник во забранетиот договор (картел) и/или усогласено однесување како координатор.

Од прибавената документација, исто така КОП утврдиl дека ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ доставил соопштение (заведено под бр. 03/152 од 30.01.2025 дина) до добавувачите во кое меѓу другото се наведува дека истиот во првиот квартал на 2025 година нема да прифаќа изменети ценовници на добавувачите, а за пријавените зголемени цени до моментот, предлага да се вратат на ниво пред поскапувањето односно од 01.01.2025 година. КАМ ДОО со електронска пошта на 03.02.2025 година ги известил добавувачите дека не можат да прифатат зголемување на набавните цени од добавувачите и оваа одлука ќе трае до наредна информација. Од РЕПТИЛ ДООЕЛ на 31.01.2025 година била испратена електронска пошта до добавувач во која се наведува дека носат одлука за неприфаќање на сите зголемени цени на производите на добавувачот кои истиот ги има најавено и дека одлуката ќе трае до 01.04.2025 година и доколку не се постапи по одлуката ќе бидат приморани да не ги нарачуваат производите кои се предмет на поскапување (наведува дека следејќи ги состојбите, рокот на одлуката може да се ревидира). Ваква електронска порака РЕПТИЛ ДООЕЛ на 04.02.2025, 05.02.2025, 14.02.2025 и на 17.02.2025 година доставил и на други добавувачи кои најавиле зголемување на цените. ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ на 05.02.2025 година во 15:54 часот (веднаш по одржаниот состанок во ССКМ) испратил електронска пошта до добавувач дека не го прифаќа ценовникот кој му бил доставен на 24.01.2025 (со важност од 07.02.2025). ВЕРОПОЛУС ДООЕЛ исто така доставил доказ дека на истиот добавувач во јануари 2025 година без никаков проблем му бил прифатен ценовник за зголемување на цените. ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО и РЕПТИЛ ДООЕЛ и пред одржувањето на состанокот - секој индивидуално имал испратено известување до добавувачите за неприфаќање на нови ценовници со изменети или повисоки цени, но со одржување на состанокот се постигнало сите четири наведени субјекти (ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ) да го координираат ваквото свое однесување. Иако, дел од комуникациите се испратени неколку дена пред состанокот, состанокот служел како механизам за заемна проверка на усогласеност, координација на времето и формата на мерките, како и усогласување на јавниот настап преку

ССКМ. По објавениот текст во медиумите никој од наведените четири субјекти, на никаков начин не реагирал и не ја демантирал објавата за постигнатиот договор за неприфаќање на нови ценовници со изменети или повисоки цени од добавувачите минимум до крајот на првиот квартал 2025 година.

Договарањето помеѓу конкуренти, во конкретниот случај КАМ ДОО, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ за непримање на нови ценовници, непримање на производи од добавувачите доколку ги променат/зголемат цените одреден период и координирањето на таквиот договор од ССКМ претставува, учество во договор или усогласено однесување помеѓу претпријатија забрането со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 59 став 1 точка 1 од Законот. Согласно наведеното, КОП го донел сега оспореното решение со кое утврдил дека тужителите го сториле прекршокот за кој се товара и за истиот им изрекол глоби одмерени согласно член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека со истото не е повреден законот на штета на тужителите.

Согласно член 5 став 1 точки 11 и 12 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010, 136/2011, 41/2014, 53/2016, 83/2018 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.208/2024 и 16/2025), Одделни поими употребени во овој закон го имаат следното значење: "картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено спрема други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот. "Усогласено однесување" е координирање на однесувањето помеѓу две или повеќе претпријатија како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија што цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите.

Согласно член 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, надзор над спроведувањето на Законот за заштита на конкуренцијата врши Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, аабранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги стават во понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот. Според став 2 на истиот член, договорите и одлуките или поединечните одредби од истите, кои се забранети согласно со ставот (1) од овој член, се ништовни. Според став 3, одредбите од ставот (1) од овој член нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што: 1) не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања кои што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и 2) не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање.

Согласно член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на членот 7 од овој закон.

Согласно член 64 став 1 Законот за заштита на конкуренцијата, при одмерување на глобата во предвид се земаат: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3) степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. Според став 2, Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Според став 3,основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

По наоѓање на овој суд, туженият орган Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, правилно утврдил дека во опишаните дејствија на тужителите се содржани битните елементи на прекршокот по член 59 став 1 точка 1, а во врска со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имено, туженият орган правилно со оспореното решение утврдил дека сега тужителите Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден како конкуренти кои делуваат на релевантниот пазар на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници кои вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и слично и Сојузот на стопански комори на Македонија од Скопје, како координатор, во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година учествувале во забранет договор и /или усогласено однесување картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што преставува прекршок од 59 став 1 точка 1 од Законот, на начин што на 05.02.2025 година одржале состанок на кој договориле да не прифаќаат нови или зголемени ценовници од добавувачи („колективен бојкот") минимум до крајот на првиот квартал од 2025 година, со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка.

Туженият орган, врз основа на спроведената постапка и изведените докази, неспорно утврдил дека тужителите преку свои претставници, одржале состанок во координација на Сојузот на стопански комори на Македонија од Скопје, на кој договориле да не се примат нови ценовници од добавувачите со зголемени цени, минимум до крајот на првиот квартал во тековната година, по што, на 06.02.2025 година, од страна на Сојузот на стопански комори на Македонија, преку медиумите било објавено соопштение за јавноста, за договореното. Со одржаниот состанок се постигнало сега тужителите да го координираат своето однесување и истиот служел како механизам за заемна проверка на усогласеност, координација на времето и формата на мерките, како и усогласеност на јавниот настап преку ССКМ, без оглед на фактот што дел од комуникациите со добавувачите се остварени неколку дена пред состанокот. Во прилог на ова е и однесувањето на тужителите по објавеното соопштение во медиумите, односно по објавениот текст, дека ниту еден од нив на никаков начин не реагирал и не ја демантирал објавата за постигнатиот договор за непрафаќање на нови ценовници со изменети повисоки цени од добавувачите, минимум до крајот на првиот квартал 2025 година.

Во предметниот случај, станува збор за забранет картел (договор и/или усогласено однесување) меѓу конкуренти, чија цел е ограничување на конкуренцијата преку колективен бојкот на добавувачите. Колективен бојкот, односно договор меѓу конкуренти за заедничко одбивање да се тргува со добавувачите под одредени услови, во случајот доколку доставаат нови ценовници со зголемени цени за своите производи, претставува еден од најтешките облици на ограничување на конкуренцијата затоа што конкурентите ја заменуваат независната деловна политика со заедничка политика, добавувачите се лишуваат од можноста индивидуално да преговараат со секој трговец, се создава значителна преговарачка моќ која произлегува од координација, а не од пазарна конкуренција. Однесувањето на конкурентите во кое намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција со состојба на практична соработка, е типичен опис на усогласено однесување, антиконкурентна цел и картел, при што, во вакви случаи Комисијата не мора да докажува дека навистина дошло до повисоки цени, недостиг на производи и штета за потрошувачите, доволно е да се утврди дека договорот по својата природа има за цел ограничување на конкуренцијата.

Понатаму, органот правилно утврдил дека, без оглед на фактот што не постоел формален писмен договор, покани за состанок со дневен ред, записник за одржаниот состанок потпишан од учесниците, фактите укажуваат дека конкурентите заеднички договориле услов под кој ќе купуваат од добавувачите, ја координирале својата набавна политика и ја елиминирале независноста во деловното одлучување, што претставува класичен пример на усогласено однесување, кое според Законот е изедначено со договор. Во прилог на претходното е дека во правото за заштита на конкуренцијата, не е неопходно постоењето на формален писмен договор за да се утврди повреда на член 7 од Законот. Доволно е од објективните околности и доказите, да произлегува дека конкурентите свесно ја заменила независноста во своето пазарно однесување со практична соработка. Во таа смисла, конклудентните дејствија на учесниците имаат особено доказно значење, на начин што доколку на заедничкиот состанок е постигнат договор за одредено идно пазарно однесување, а ниту еден од присутните конкуренти јавно, недвосмислено и навремено не се дистанцирал од договореното, ниту пак подоцна постапувал независно и спротивно на договорената практика, туженият орган основано заклучил дека тужителите свесно го прифатиле договорот и станале негови учесници. Молчењето, отсуството на јавно оградување и последователното усогласено однесување претставуваат индиции дека претпријатијата ја прифатиле заедничката стратегија, бидејќи во конкурентското право се поаѓа од начелото дека секој пазарен учесник мора самостојно да ја определува својата деловна политика, а секое свесно отстапување од ова начело преку координација со конкурентите, претставува забрането усогласено однесување. Оттука, јавното недистанцирање од договореното на состанок, кога е поткрепено со други докази за последователно усогласено постапување, претставува релевантен доказ за учество во картел.

По однос времетрањето на противправноста, органот правилно утврдил дека истата траела од моментот кога конкурентите на состанокот го постигнале договорот за усогласено однесување, односно на 05.02.2025 година, па се до донесувањето на одлуката на Владата на 19.02.2025 година, објавена во Службен весник на РСМ, со која, преку задолжителни антикризни мерки за ограничување на цените и трговските маржи, била изменета правната и пазарната рамка. Во тој период учесниците биле обврзани единствено од сопствениот меѓусебен договор, кој претставувал забрането усогласено однесување. Со влегувањето во сила на владината одлука, договореното однесување станало безпредметно, бидејќи условите на работење повеќе не зависеле од нивната заедничка волја, туку биле определени со задолжителен пропис.

Од се погоре наведено, по наоѓање на овој суд, туженият орган во законита постапка, утврдил дека сега тужителите како директни конкуренти кои дејствуваат на ист релевантен пазар, преку состанок одржан и организиран од ССКМ, го замениле своето деловно одлучување со усогласено однесување во однос на прифаќањето односно неприфаќањето на ценовници на добавувачите, истото манифеситирајќи го преку објавување на заедничко соопштение, што претставува учество во забранет договор и /или усогласено однесување картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, казниво по член 59 став 1 точка 1 од истиот Закон.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите во тужбата, но најде дека истите се неосновани и без влијание за поинаква одлука, од причините погоре елаборирани. Конкретно, неосновани се тужбените наводи дека туженият орган при донесувањето на оспореното решение не ги земал предвид инфлаторните движења во текот на 2024/2025 година и зголемувањето на цените во трговијата на големо и мало со прехрамбени производи, од причина што постапката пред органот не се однесува на оценување на оправданоста или причините за порастот на цените на пазарот, ниту индивидуални деловни политики на производители и добавувачи, туку утврдување дали конкурентите на ист релевантен пазар, преку координација и усогласување, го замениле независното пазарно однесување со практична соработка, што е изрично забрането со член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Понатаму, ирелевантно е дали тужителите индивидуално и едностранo прифатиле и примале ценовници на добавувачи со покачени цени или уште пред состанокот укажале на добавувачите дека нема да прифаќаат ценовници со покачени цени, не се од значење за правната квалификација на утврденото прекршување. Ова, од причина што за постоење на забрането усогласено однесување согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не е неопходно да се покаже конкретно и фактичко одбивање на поединечен ценовник, ниту пак да се утврди настапување на конкретна штета кај учесниците. Доволно е да се утврди постоење на координација и усогласување на однесувањето помеѓу конкурентите со цел заменување на нивното независно пазарно однесување со заедничка стратегија, што во конкретниот случај е утврдено врз основа на целокупниот контекст, комуникациите и одржаниот состанок. Воедно, утврденото усогласување за заеднички настап и неприфаќање на нови или зголемени ценовници претставува ограничување на конкуренцијата „по цел", кај кое согласно домашната и европската пракса не се бара докажување на конкретни ефекти или примена на договореното однесување, туку сама согласност и заемна свесност за заедничка стратегија се доволни за постоење на предметниот прекршок. Истото се однесува и на тужбените наводи дека туженият орган не ја утврдил фактичката состојба поврзана со граѓанската иницијатива за бојкот на маркетите и последиците од истиот, односно намалување на прометот на тужителите. Дополнително, фактот дека пазарните услови биле отежнати или дека постоел притисок од јавноста, не може да биде основ за легитимирање на координација меѓу конкуренти. Европската и националната пракса се конзистентни дека економските тешкотии, пазарните кризи или надворешните притисоци, не дозволуваат отстапување од правилата за конкуренција, особено кога станува збор за хоризонтални ограничувања „по цел“. Оттука, туженият орган, правилно фокусот го ставил на релевантните елементи на прекршувањето, координацијата и усогласеното однесување меѓу конкурентите, а не на последиците од граѓански иницијативи или на индивидуалната економска состојба на тужителите, кои не се од влијание за законитоста на оспореното решение.

Неосновани се и тужбените наводи дека одбивањето да се одржи усна расправа целосно го нарушува правото на тужителот да биде сослушан што претставува повреда на процедурали правила, од причини што туженият орган правилно утврдил дека во конкретниот предмет не постои законска обврска за задолжително одржување јавна расправа, имајќи го предвид член 44 од Законот за заштита на конкренцијата, кој пропишува дека Комисијата за одлучување по прекршок ќе определи одржување на усна расправа ако тоа е потребно за утврдување на фактичката состојба, што претставува дискреционо право, а не обврска. Во конкретниот случај, до тужителите биле доставени заклучоци за поведување прекршочна постапка, прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба, конечно известување за утврдена фактичка состојба, овозможено е произнесување по сите факти, сите тужители имале можност да достават докази, податоци, мислења и објаснувања, увид во документација, на барање бил продолжен рок за произнесување по заклучок за поведување на прекршочна постапка и друго, од што неспорно се заклучува дека правото на учество во постапката и на одбрана, било целосно обезбедено.

Во однос на тужбените наводи дали Одлуката на Владата на РСМ со која се замрзнуваат маржите на маркетите и на добавувачите претставува исто така картел помеѓу Владата и четирите маркети, Судот истите ги оцени како неосновани, од причина што Владата на РСМ, во конкретниот случај, настапува како носител на јавна власт која има овластување да ја креира економската политика во државата и таа има законско овластување да носи акти во однос на остварување на целите на економската политика. Законот забранува договарање помеѓу независни претпријатија учесници на пазарот кои ја ограничуваат конкуренцијата. Имено, при склучување на договори и или усогласено однесување претпријатијата, секогаш се водени од своите сопствени интереси па токму затоа и законодавството за заштита на конкуренцијата ги забранува договорите и усогласеното однесување кои ја нарушуваат конкуренцијата. Забранет договор и/или усогласено однесување во конкретниот предмет се однесува на неприфаќање на нови/повисоки ценовници од добавувачите, со што маркетите сакале да ги задржат постојните цени кон добавувачите преку задржување на своите маржи, а на товар на добавувачите, кои доколку имаат зголемени цени на инпути ќе мораат да ги намалат своите маржи, па дури и да работат со загуба за да продолжат да ги испорачуваат своите производи кон купувачите (маркетите) или да престанат со испорака на производите. Со Одлуката од 18.02.2025 година (објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38 на 19.02.2025 година) Владата на РСМ ги ограничува маржите и на добавувачите и на маркетите со цел заштита на потрошувачите. Целта на конкурентското право е да ги заштити не само интересите на конкурентите и прошувачите, туку и структурата на пазарот како таква. Кога државата ограничува цени или маржи, во случајот со одлука, станува збор за регулаторна интервенција заснована на јавен интерес и јавни овластувања, а кога конкурентите меѓусебно се договараат како ќе настапуваат на пазарот, тие приватно ја заменуваат конкуренцијата со координација, што е токму она што член 7 од Законот го забранува. Затоа, дури и ако картелот траел краток период од 05.02 до 19.02.2025 година и престанал затоа што Владата вовела задолжителни мерки, тоа не значи дека не е сторена повреда.

Наводот дека туженият орган не го утврдил релевантниот пазар, е неоснован и правно ирелевантен во контекст на утврдената повреда, од причина што одредувањето на релевантен пазар не е правно потребно, затоа што се работи за усогласено однесување кое е забрането „по цел" согласно член 7 став 1 од предметниот закон. Ова значи дека, доколку однесувањето е по природа способно да ја ограничи конкуренцијата, не е нужно да се утврдува релевантниот пазар ниту пазарната моќ на конкурентите. Дефинирањето на релевантниот пазар е потребно ако се врши анализа на ефекти. Во конкретниот случај, туженият орган утврдил координација помеѓу конкурентите во однос на неприфаќање на нови со зголемени цени ценовници што претставува класичен хоризонтален картел со цел ограничување на конкуренцијата, при што самата координација е доволна за утврдување на повредата.

Во текот на одлучувањето судот ги ценеше и тужбените наводи дека при изрекувањето на глобата, туженият орган го прекршил членот 44 во врска со член 48 од законот за прекршоците, бидејќи на сторителот не понудил постапка за порамнување и можноста глобата да се плати во помал износ од 50%, која е спротивна на насоките за одмерување на глобите, бидејќи за сите учесници е изречена идентична глоба во апсолутен износ, понатаму, дека спротивно на член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата, глобата не е индивидуализирана, не се ценети олеснителни околности и не се разгранични критериумите за секој маркет посебно, имајќи го превид фактот дека секој од нив остварил различни приходи. И овие наводи судот ги оцени како неосновани, од причина што член 44 став 2 од Законот за прекршоците, предвидува обврска за надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување или спогодување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку тоа е определено со закон. Во Законот за заштита на конкуренцијата, не е определена ваква постапка, па туженот орган нема законска можност да му понуди на сторителот на прекршок постапка за порамнување. Дополнително, Законот за заштита на конкуренцијата единствено содржи посебен и специјален режим во однос на санкционирањето на картелите, при што во член 65 од Законот за заштита на конкуренцијата изречно е предвидена можност за ослободување од глоба или нејзино намалување исклучиво за претпријатија кои доброволно признале учество во картел и обезбедиле значајна соработка со Комисијата. Во конкретниот случај, ниту еден од тужителите не ги исполнил условите предвидени во член 65 од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи не признале учество во забрането усогласено однесување, ниту доставиле докази кои би овозможиле примена на институтот на ослободување или намалување на глобата. Во однос на изречените глоби, туженият орган, во случајот изрекол санкции во износи значително под законскиот минимум, односно под 1% од вкупниот приход на секој маркет одделно, иако Законот, за ваков вид на прекршоци предвидува глоба до 10% од вкупниот приход остварен во претходната деловна година. Воедно, идентичниот апсолутен износ не значи автоматска нееднаквост или незаконитост, имајќи го предвид фактот дека се работи за иста повреда, исто времетраење и улога на учесниците во забранетото однесување.

Судот, истот така имаше предвид дека на сите тужбени наводи истакнати во тужбите на тужителите, туженият орган дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел, во образложението на оспореното решение и во одговорите дадени за секоја тужба одделно, при што, овој суд цени дека при донесувањето на одлуката дали е сторен предметниот прекршок, органот се раководел и од начелата и стандардите на меѓународното право на заштита на конкуренцијата, релевантната пракса и правните ставови на меѓународните и европските судови, како и од воспоставената практика во примената на конкурентското право на Европската Унија, имајќи го предвид фактот дека националното законодавство во областа на заштитата на конкуренцијата е во голема мера усогласено со правото на Европската Унија, со цел да се обезбеди доследна, законита и правилна примена на материјалното право.

Барањето на тужителите преку нивните полномошници, за надомест на трошоците во постапката, Судот ги одби како неосновани, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката.

Врз основа на изнесеното, Судот согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на оваа одлука.

Одлучено во Управен суд на 10.07.2026 година, под УПРК.бр.37/2025, УПРК.бр.38/2025, УПРК.бр.40/2025 УПРК.бр.41/2025.

Записничар - помлад судски соработник
Биљана Димовска

Претседател на советот - Судија
Даниела Антовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите солидарно да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03339, Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2.

Одлуката да се достави на:
- тужители - преку полномошници,
- тужен орган
Судија

Претседател на советот -

Даниела Антовска